Архивски знак: 0307
Рок на чување: 1 год.
10.02.2021 година

ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0202 - 1231/1
10.02 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 32 став 1 т.8 од Статутот на Црвениот крст на Република Северна Македонија за донесување на одлуки помеѓу две седници на Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ, донесени од Претседателот и Потпретседателите на Црвениот крст на РСМ, Претседателот на ден 10.02.2021 година донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Правилникот за организирање на курсна настава и оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода**

Член 1

Со оваа одлука се менува и дополнува Правилникот за организирање на курсна настава и оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода (бр.0202-1087/1 од 28.12.2020 година).

Член 2

Во називот на Правилникот од член 1 на оваа Одлука сврзникот **„и“** се заменува со сврзникот **„за“.**

Член 3

Во Членот 20 став 2 зборовите **„може да“** се бришат, а зборовите „се издаде“ се заменуваат со зборовите **„се издава“.**

Член 4

Во главата IV.АРХИВИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ поради техничка грешка бројот на членот **„ 21“** се заменува со број **„22“.**

Броевите на наредните членови се поместуваат соодветно за еден број нагоре.

Член 5

Во Членот 21 (сега Член 22) во став 1 зборовите **„и архивира**“ се бришат.

Во став 2 зборот **„три“** се заменува со зборот **„две“.**

Во став 3 бројот **„18“** се брише и се на негово место се додаваат броевите „**20 и 21**“.

Член 6

Во Членот 23 (сега Член 24) во став 2 зборовите **„неделните и**“ се бришат.

Член 7

Во Членот 24 (сега Член 25) по ставот 1 се додава нов став кој гласи:

**„ Уверенијата кои ООЦК/ЦКГС ги обезбедиле, а не ги искористиле, односно издале на кандидат од различни причини (пример: грешки при печатење, уништување при печатење итн.), ООЦК/ЦКГС се должни истите да ги раздолжат кон ЦКРСМ со соодветниот сериски број на уверението.“**

Член 8

Одлуката влегува во сила со денот на донесување.

**Образложение**

По спроведените координативни средби со општинските организации на Црвениот крст/Црвен крст на град Скопје за примената на Правилникот за организирање на курсна настава и оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода (бр.0202-1087/1 од 28.12.2020 година), примерите во пракса, заклучоците кои произлегуваат од досегашното применување на одредбите на Правилникот, како и потребата за корекција на технички грешки, се појави потреба за дополнително уредување за што се донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**

**Проф.д-р Ромел Велев**

Доставено:
- ООЦК/ЦКГС;
- Сектори и одделенија;
- Служба за финансии и ревизија;
- Архива;